Арх. знак 0202
Рок на чување ИД
23.01 2020 год.
Потпис,

**СТОМАТОЛОШКА КОМОРА НА МАКЕДОНИЈА**
**MACEDONIAN DENTAL CHAMBER**

ул. Антон Попов бр. 1-4/5 Скопје
(02) 3246 851/852 skm@skm.mk

**Бр.** 02-98/4
23.01.2020 **година**

# **И З В Е Ш Т А Ј**

од **десетата седница** на Извршниот одбор на СКМ одржана **на ден 20.11.2019 година**
во просториите на Стоматолошка комора на Македонија

На **десетата седница** на Извршниот одбор на СКМ, **присуствуваа 14 членови.**

На седницата **оправдано беше отсутна д-р Александра Табаковска**.

На седницата присуствуваше и претседателот на Надзорниот одбор на СКМ д-р Ѓорѓи Топузоски.

Седницата започна во **13.30 часот**, а истата ја отвори претседателот на Извршниот одбор на СКМ д-р Мирлинд Селими со читање на предлог-дневниот ред.

Предложениот дневен ред, беше ставен на гласање, при што истиот беше едногласно усвоен и стана дневен ред со следниве точки

**ДНЕВЕН РЕД**

1. **Разгледување и усвојување на записник од деветата седница на Извршниот одбор одржан на ден 31.10.2019 година**

2. **Разгледување на предлог Деловник за работа на РО**

3. **Информација за досегашниот тек на разговори со ФЗО по однос на Договорите за примарна и специјалистичко консултативна стоматолошка здравствена заштита**

4. **Информација од комисиите за долгорочна стратегија за примарна и специјалистичко консултативна стоматолошка здравствена заштита**

5. **Информација за меѓународната активност во минатиот период**

6. **Разгледување и потврдување на Листа на здравствени установи за редовен стручен надзор за 2020 година**

7. **Разно**

По усвојувањето на дневниот ред, се премина кон разгледување на секоја од точките на дневниот ред.

1. **Разгледување и усвојување на записник од деветата седница на Извршниот одбор одржан на ден 31.10.2019 година**

По однос на записникот од претходната седница на Извршниот одбор, **д-р Борис Стојанов** со забелешка која не е конкретна за записникот туку за информацијата во врска со намалување на лимитот на пациенти при покачувањето на капитациониот бод од ФЗО, односно дека додека траела седницата не било кажано дека лимитот ќе биде намален на 1800 пациенти, односно таа информација ја добиле по завршувањето на седницата и дека би сакал да знае во иднина за такви измени ако се договорени од страна на Комората.

Во однос на донесениот став за најавениот протест, **д-р Борис Стојанов** истакна дека имало реакција од одредени членови на одредени регионални одбори, поточно од РО Прилеп и РО Кавадарци кои изјавувале дека не биле информирани од членови на ИО дека ИО донел заклучок за ставот околу протестот на ЗПЗСУ. Тие истакнале дека на состаноци на наведените одбори за истото не биле информирани или поточно биле информирани дека ИО за ставот не донел никаква одлука туку само дека претседателот на Комората дал информација.

По ова **Др. Чемерска Попова** мошне децидно и аргументирано даде изјава дека членовите на РО Кавдарци и Неготино мошне добро и потполно биле информирани за истото и дека пред состанокот на собирот на доктори во Кавадарци на сите можни начини информацијата била споделена, со што она што е кажано од поедини членови на РО ја смета за злонамерна и неточна.

Од своја страна **Др. Гаглевски** се изјасни дека е точно дека во Прилеп дал изјава дека во врска со протестот само председателот дал информација и дека членовите на Одборот не гласале за неја. На прашање на **Др. Денковски** дали намерно испуштил дел од седница кога за текстот /информацијата што тој ја прочитал се дискутирало и кога текстот /заклучокот се усогласувал и на крај без забелешки се усогласил и прифатил, Др. Гагалевски остана на ставот дека тоа за него не е изгласан и усвоен заклучок и дека во Прилеп воопшто за тој дел на состанокот не сметал дека е потребно да информира. На ова реагираа уште некои од членовите на ИО дека Др. Гаглевски не е во право и дека не треба на тој начин да се однесува како член на ИО и се заклучи дека соопштението за протестот е донесена со одлука од сите членови на ИО и дека ставот бил усогласен од сите членови на ИО и ИО апелира во иднина информациите да бидат пренесувани онака како што се кажани на самите седници на Извршниот одбор.

Записникот едногласно беше усвоен без измени и дополнување со двете забелешки на д-р Стојанов кои не се однесуваа на самиот записник.

2. **Разгледување на предлог Деловник за работа на РО**

Во однос на оваа точка од дневниот ред, се продолжи со расправа за единствено неусогласениот **член 14** од **предлог -Деловник за работа на РО** и се разви дискусија околу истиот.

**Д-р Стојанов** предложи пред да се гласа за овој Деловник, да се направат измени во Правилникот за избори и сите помали места да имаат свои делегати во Собранието на Комората.

**Д-р Денковски** го постави прашањето наменето за д-р Чемерска Попова дали има потреба да се разделат општините Кавадарци и Неготино во посебни региони, на што **д-р Чемерска Попова** одговори дека разговарано е на таа тема и начелно е кажано од членовите од Кавадарци дека за следните избори доколку Комората не го уреди тоа прашање тие со своја интерна одлука ќе имаат делегати и од Кавадарци и од Неготино.

**Д-р Ферати** предложи во Правилникот за избори да се внесе и легитимирање на етничка припадност.

**Д-р Стојанов** даде предлог да се направи измена во став 1 кој се однесува за иницијатива за разрешување на член на РО, односно место 40%, поддршка да се обезбеди од минимум 60% од членовите од регионот.

**Д-р Чемерска Попова** предложи овој член воопшто да го нема во Деловникот со образложение дека овој член регулира разрешување на член на регионален одбор. Според д-р Чемерска Попова ваков член треба да биде регулиран во Правилникот за избори.

**Д-р Селими** предложи овој член односно Деловник да се изгласа откако ќе се направат измени во Правилникот за избори и Статутот на Комората.

**Д-р Касапи** даде предлог за **измена на став 1 од член 14**, односно **предлог за разрешување на член на регионален одбор да може да поднесе секој доктор на стоматологија со важечка лиценца за работа доколку обезбеди поддршка од повеќе од 50+1% од членовите на регионот.**

Овој предлог од страна на д-р Касапи беше ставен на гласање.

**Предлогот на д-р Касапи беше усвоен со 10 гласа ЗА и 3 гласа ПРОТИВ.**

Измена се направи и во **став 5 од член 14**, односно зборот "образложение" се менува со зборот "одговор" и сега **член 14 став 5 гласи** :

" Членот на РО на кој се однесува предлогот за разрешување има право во рок од 7 дена од денот на приемот на предлогот да даде писмен одговор со негово објаснување за причините поради кои се бара негово разрешување и истиот одговор го праќа до РО, до претседателот на Комората и до правниот секретар на Комората."

**Претседателот на ИО** ја стави оваа измена на гласање.

**Измената беше усвоена со 10 гласа ЗА и 3 гласа ПРОТИВ.**

Членовите на ИО предложија **став 10** од овој член **комплетно да се избрише**.

Овој предлог беше **изгласан со 10 гласа ЗА и 3 гласа ПРОТИВ**.

**Со бришењето на став 10, ставот 11 од член 14 станува став 10.**

По направените измени, претседателот на ИО, **д-р Селими** го стави **член 14 на гласање.**

**Член 14 од Деловникот за работа на РО беше изгласан со 10 гласа ЗА и 3 гласа ПРОТИВ.**

По дадените предлози и направените измени, претседателот на ИО, **д-р Селими** го стави **на гласање предлог - Деловникот за работа на регионалните одбори.**

Овој **предлог - Деловник беше изгласан и усвоен со 12 гласа ЗА и 1 глас ПРОТИВ.**

Беше одлучено **да се стави на разгледување на следна седница на Собрание на СКМ** со забелешка дека доколку се направат измени и во Правилникот за избори пред да се изгласа на Собрание предлог -Деловникот за работа на регионалните одбори , веднаш да се направат измени и во самиот предлог- Деловник кој ќе биде усогласен со Правилникот за избори.

### 3. Информација за досегашниот тек на разговори со ФЗО по однос на Договорите за примарна и специјалистичко консултативна стоматолошка здравствена заштита

По однос на оваа точка од дневниот ред, збор зеде **д-р Денковски** кои ги информираше присутните дека направени се измени во договорите и дека во најголем процент се што е побарано за измена во старите договори е прифатено и имплементирано во новите договори од страна на ФЗО, но дека *сепак мора да се сочека и официјализирана одлука на УО на ФЗОРС пред да се говори за дефинитивен и завршен текст на договорите*.

Како најзначајни новини или измени, Др. Денковски наведе дека, **според новите договори ПЗУ имаат рок од 60 дена да вработат или да најдат замена за сестра во тим , а доколку нема сестра во дадениот рок предвидено е капитацијата да се намалува за 20% или 1/5 од фиксниот дел.**

Исто така, тој појасни дека **како новина е прифатено барањето на Комората при склучување на договорите ПЗУ мора за матичниот стоматолог да достави до ФЗО важечка лиценци за работа издадени од Комората.**

Исто така, тој кажа и дека **ќе има и измена на Правилникот за плаќање /партиципација во кој ќе се измени и додаде дека анестезиите кои по барање на пациент и согласност на докторот при пломбирање ќе се наплаќаат по 100 денари.**

Во однос на **договорите за специјалистите**, **Др. Денковски** информира дека на разговорите во ФЗО ја предводил групата на специјалисти кои се определени од нивните здруженија, поточно:

- Д-р. М. Шапуриќ и Др С.Илиевски од **протетика**;
- Д-р. И.Кировски од **ортодонти** и
- Д-р. Б.Стефановски и Др Ј.Поповски од **оралните хирурзи**.

На состанокот се разглдувале многу варијации на договороте по што по неколкучасовна дискусија текстот се усогласи и представаниците на Комората го прифатија текстот на новите договори со тоа што се донесе и заклучок веднаш да се започне со разговори за правилниците од договорите кои за представниците на Комората се апсолутно неприфатливи на долгорочна примена.

Понатаму, **Др. Денковски** информира дека за ден 27.11.2019г. е договорена средба и заеднички прес со представници на специјалисти. Тој истакна дека ќе направи напор во комората да организира средба на специјалистите со представници на менаџментот на ФЗО каде ќе се утврди динамиката за разговорите околу правилниците, но и предложи на истиот да учествуваат и други представници на ИО по што ИО определи на сотанокот да бидат присутни:

- Д-р. Денковски, претседател на Комора,
- Д-р. Чемерска Попова, претседател на Комисија за секундарна здравствена заштита и
- Д-р. Селими, претседател на Извршен одбор.

**Д-р Прентовска** го постави прашањето дали ќе има измени и во договорите за специјалистите на што **д-р Денковски** одговори дека од неофицијални извори до Нова година ќе има 30- ина здравствени договори.

**4. Информација од комисиите за долгорочна стратегија за примарна и специјалистичко консултативна стоматолошка здравствена заштита**

По однос на оваа точка од дневниот ред, збор зеде **претседателката** на **Комисијата за секундарна здравствена заштита**, **д-р Чемерска Попова** која истакна дека одржани се 3 состаноци на Комисијата и доставени се 3 предлози и тоа од неа и д-р Манасиев, од проф. Мери Шапуриќ и д-р Александар Трајковски.

Тие повторно како Комисија не успеале да изнајдат само еден модел за решавање на проблемот кои го имаат специјалистите.

По дадените предлози на седниците на Комисијата, д-р Чемерска Попова смета дека треба да се прошири мрежата за специјалистички ординации затоа што бројот на специјалисти постојано расте, а не им се овозможуваат услови за работа.

По кратка дискусија околу оваа тема, **д-р Касапи** предложи да се бара од ФЗОСРМ да овозможи на сите специјалистички ординации потпишување на договори за соработка со нив.

**Д-р Чемерска Попова** смета дека Комората треба да предложи модел со кој сите специјалисти ќе бидат еднакво третирани затоа што има и група на специјалисти кои имаат отворено специјалистички ординации кои се соочуваат со не конкурентски цени и со ограничен број на услуги.

**Д-р Касапи** предложи секој специјалист што сака да потпише договор со ФЗО да даде барање до Комората за да се утврди колкав е бројот на специјалисти кои сакаат соработка со Фондот и тие да направат, да предложат модел кој ќе биде за сите кои сакаат да потпишат договор со нив.

**Д-р Денковски** ги информираше членовите дека е доставено барање до Министерство за здравство да им овозможи на сите кои имаат специјалистички лиценци, а немаат склучено специјалистички договор да работат како примарни со матични пациенти, а специјалноста да ја вршат приватно.

Исто така, со Министерство за здравство е разговарано и за нивниот сеуште неофицијален предлог да нема лиценци со назив општа или специјалистичка туку сите лиценци да бидат со назив стоматолошка дејност, а сите права специјалистите да си ги имаат со уверението за специјализација.

**Претседателот** на **Комисијата за долгорочна стратегија во примарната стоматологија**, **д-р Стојанов**, истакна дека откако е формирана Комисијата одржани се 5 состаноци и на тие состаноци се разгледувани повеќе предлози кои се однесуваат на начинот на финансирање.

По дадените предлози тие како Комисија имаат донесено неколку заклучоци и тоа:

- Моменталниот модел на финансирање е апсолутно не прифатлив
- Потреба од зголемување на буџетот за стоматологија
- Во преговарачкиот тим со ФЗО , Комисијата да има свој претставник
- Договорите да се склучуваат за период од една година
- Презентираните модели да се претстават во регионите доколку се појави интерес за тоа
- Со цел за транспарентно и помасовно запознавање на сите колеги со предложените модели се задолжува стручната служба на СКМ користејќи база на податоци односно и-меил адреси да ги испрати предложените модели
- Договорите да бидат идентични за сите од примарна дејност

По однос на искажаните заклучоци од страна на претседателот на Комисијата за долгорочна стратегија во примарната стоматологија, **д-р Манасиев** изнесе забелешки за заклучокот кој се однесува на склучување на договорите за период од една година со образложение дека имаат поголема сигурност со тоа што договорите се склучуваат на 5 години и во однос на тоа тој смета дека 90% од членството би останале на ставот во тој поглед да нема измени.

**Д-р Денковски** по оваа излагање на Др. Стојанов даде забелешка дека во суштина тој лично смета дека Комоисијата не завршила никаква работа и дури треба да се преиспита нејзиното постоење. Тој личниот став го образложи со тоа дека од извештајот на Др. Стојанов е видливо дека комисијта воопшто нема никаков материјал за она за што се и формирани, поточно нема никава анализа за добри и лоши страни на сите модели кои се доставени до комисијата што би биле предмет на дискусија на ИО на СКМ и подоцна на јавна расправа и финално на Собрание на СКМ со што би имале реален предлог со сите можни анализи за понатамошни настапи пред институциите. **Др. Денковски** предложи **сите предлози на Комисијата да бидат доставени до членовите на Извршниот одбор** и да се одржи уште еден состанок на Комисијата, на кој ќе се се произнесат за предходно наведеното и тоа да биде презентирано пред членовите на Извршен Одбор.

**Предлогот на Д-р Денковски беше едногласно усвоен.**

**5. Информација за меѓународната активност во минатиот период**

По однос на оваа точка, збор зеде **потпретседателот на Комората д-р Изов** кој беше официјален претставник на делегацијата на Комората за **К-4 во Љубљана**. Тој истакна дека организацијата на самиот настан била катастрофална.

Во однос на состанокот кој бил одржан помеѓу делегациите на К-4 и на кој не присуствувал претседателот на СКМ, д-р Денковски, д-р Изов изнесе дека отсуство на Др. Денковски било искористено од страна на претседателот на Хрватската комора, д-р Пезо кој го напаѓал и ширел лаги се со цел да го намали авторитетот на д-р Денковски во групата К-4.

Првата лага што била кажана е дека од Стоматолошка комора на Македонија бил испратен лажен извештај до бордот на ЦЕД, односно извештај од одржаниот втор политички состанок кој беше одржан на 8ми март во Скопје, на кои беа присутни членките на К-4, претставници од Бугарската дентална асоцијација, Германската дентална асоцијација и Австриската дентална асоцијација, но и представници на хрватската, словенечката и босанската комора.

Подоцна се утврди дека извештајот кој бил испратен до бордот на ЦЕД не е испратен од страна на СКМ или Др. Денковски, туку бил испратен од страна на д-р Шарков, претседател на Бугарската дентална асоцијација, а воедно и член на Бордот на Директори на FDI и е со апсолутна точна содржина за што за истото тој пратил и известување до сите комори/асоцијации на состанокот во Скопје.

Втората лага што била изнесена против д-р Денковски е дека бил инволвиран во БАСС како претставник од Комората, но вистината е дека во БАСС Др. Денковски учествува како советник во македонската делегација многу години наназад како член на здружението ДДДММ кое е член на БАСС.

По изнесените лаги делегацијата и претседателот на СКМ добиле извинување, но неофицијално.

**Д-р Јордан Стојаноски** ги информираше присутните дека Словенската комора во делегацијата на СКМ ги вклучила д-р Круме Чесноски и д-р Андреја Рендевски и дека сето тоа што се случувало таму било предвреме смислено.

За таа цел **д-р Стојаноски**, даде предлог - заклучок до Извршниот одбор да се испрати писмо до Хрватската комора кое ќе гласи :

"На состанокот на К-4 во Љубљана од страна на претседателот на Хрватската комора на дентална медицина д-р Хрвоје Пезо беше кажано дека Стоматолошката комора на Македонија, односно претседателот на Стоматолошката комора на Македонија д-р Маријан Денковски испратил допис односно записник од одржаниот втор политички состанок одржан на 08.03.2019 година во Скопје до Бордот на ЦЕД со изменета содржина од првично договореното во однос на Резулуцијата којашто е усвоена во Скопје и истиот е со невистинити наводи односно конкретно кажано лажен извештај и со тоа е нанесена непоправлива штета на Хрватската комора. Д-р Пезо понатаму ја обвини Стоматолошката комора на Македонија како и претседателот д-р Денковски за нетранспарентност и не соработка која се очекува од една членка на К-4. Поради горенаведеното на денешниот состанок одржан 20.11.2019 година , Извршниот одбор на Стоматолошката комора на Македонија го донесува следниот заклучок:

Во најкраток можен рок, а најдоцна пред одржување на состанокот на претседателите на К-4 на 13.12.2019 година во Загреб, Хрватската комора на дентална медицина во духот на транспарентноста за којашто се залагаше да испрати односно да достави било каков доказ за вистинитоста на изјавите за да може Извршниот одбор на Стоматолошка комора на Македонија да преземе понатамошни постапки согласно Статутот на Комората. Доколку дадените изјави на Хрватската комора на дентална медицина и претседателот Пезо не ги поткрепат со докази, Извршниот одбор на СКМ бара писмено известување и извинување за тоа, во спротивно изјавите ќе ги сметаме за намерна и смислена манипулација заради други цели што е спротивно од духот врз кој е формирана групата К-4 кој би требало да се темели врз залагањето за заедничко делување и остварување на заедничките цели во рамките на К-4 за соработка базирана на почитување на еднаквоста на сите членови без мешање во внатрешните работи. Со почит спрема нашите пријатели од К-4 и со искрени желби и заложби за успешна понатамошна соработка и во очекување на вашиот одговор примете поздрави од членовите на Комората."

**Д-р Денковски** на членовите на ИО во интерес на дополнување на вистинитоста на предходно наведеното ги покажа сите преписки и комплетната кореспонденција која се одвивала помеѓу сите учесници на политичките состаноци во Бургас и Скопје , како и кои се испраќани во име на СКМ до сите учесници. Тој понатаму појасни и ја прочита и пораката / меилот пратена во врска со одржаниот политички состанок и појасни дека Резолуцијата на ЦЕД за која ќе се разговара во Виена била испратена од страна на д-р Шарков до сите учесници. Тој понатаму истакна дека не сака да навлегува во мотивите на Др. Пезо , но и дека аргументите и вистината се потполно на страна на македонската комора и смета дека на најавениот состанок на председатели во Загреб на кој е поканет и на кој ќе присуствува со уште еден претставник на ИО ќе ги даде сите одговори по што ИО на СКМ по добиените информации ќе се произнесе за понатамошните чекори за не/оправданоста на учеството во К4.

Понатаму **Д-р Денковски** ги информираше членовитена ИО и за активностите кои ги имал во **Брисел** каде на покана на Европската комисија за економија и социјала, учествувал на конференцијата, на ден на либерални професии. Тој ја истакна улогата на комората на таа конференција која беше продолжение на веќа започнатите активности минатат година во Бриселел и во март годинава во Тирана.

Понатаму тој извести и  дека за време на **Германските дентални денови  во Берлин**, каде присуствувал на покана од Др. Питер Енгел, председтаелот на Германската дентална асоцијација покрај средбата со врвот на истата, тој остварил средба и со представници на други комори и асоцијации во Европа, но како најважен момент би ја истакнал средбата со претседателот на FDI, Др. Герхард Зибергер кој изразил желба да дојде и да присуствува на следниот Конгрес на К-4 кој ќе се одржи во Скопје следната година на крајот на октомври.

Др. Денковски исто ја истакна и средбатаа со председателот на ЕРО ФДИ Др Михаел Франк и поранешната претседателка на ERO ФДИ, Др. Ана Лела со која се разговарало за можностите за учество на представничка од Комората во Светскиот форум на жени при ФДИ.

**6. Разгледување и потврдување на листа на здравствени установи за редовен стручен надзор за 2020 година**

По однос на оваа точка од дневниот ред, членовите на ИО ја разгледаа Листата на здравствени установи за редовен стручен надзор за 2020 година и Листата на членови - РЕГИОНАЛНИ КОМИСИИ за вршење на стручниот назор за 2020г., по што **едногласно ги усвоија без забелешки и дополнувања,** и ги донесоа следните одлуки:

---

**О Д Л У К А**
**за ГОДИШЕН ПЛАН**
***ЗА СТРУЧЕН НАДЗОР НАД СТРУЧНАТА РАБОТА НА СТОМАТОЛОШКИТЕ ЗДРАВСТВЕНИ УСТАНОВИ И ЗДРАВСТВЕНИТЕ РАБОТНИЦИ И СОРАБОТНИЦИ***
***ЗА 2020 ГОДИНА***

---

**О Д Л У К А**
**за Листа на членови - РЕГИОНАЛНИ КОМИСИИ за спроведување на**
СТРУЧЕН НАДЗОР НАД СТРУЧНАТА РАБОТА НА СТОМАТОЛОШКИТЕ ЗДРАВСТВЕНИ УСТАНОВИ И ЗДРАВСТВЕНИТЕ РАБОТНИЦИ И СОРАБОТНИЦИ
**ЗА 2020 ГОДИНА**

---

Претседателот на Комората, **д-р Денковски** посочи дека има уште комисии за редовен стручен надзор кои не си ја завршиле својата работа **по што се зададе рок до 15.12.2019 година да се заврши целосно листата на здравствени установи за редовен стручен надзор предвидена за 2019 година**.

Претседател на Извршен одбор на СКМ

**Д-р Мирлинд Селими**

Стоматолошка комора на Македонија
СКОПЈЕ